ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:15-184/4**

**Дата:26.02.2015**

**ДО**

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Општина Богданци на сметката на основен буџет (637) за 2013 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Општина Богданци за 2007 година, при што овластениот државен ревизор за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи изрази негативно мислење како за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции.

Со ревизијата на преземени мерки по дадените препораки констатиравме дека од вкупно девет препораки, три препораки се имплементирани, три препораки се делумно спроведени и три препораки не се спроведени.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2013 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2013 година констатиравме дека кај Општина Богданци недоволно се преземени активности за воспоставување и функционирање на системот на интерни контроли во процесот на вршење на набавки и плаќања.

Пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2013 година не е извршен на начин како што е предвидено во законските и подзаконските акти.

Деловните промени во сметководствената евиденција не секогаш се евидентирани врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

При извршување на градежните работи секогаш не се почитуваат условите утврдени во договорите за изведување на работите.

Вработувањето во општинската администрација не се врши согласно актите за организација и систематизација и законската регулатива.

При трансферите на парични средства до здруженија и фондации, како и исплатата на социјалните надоместоци не се постапува транспарентно и со јасно утврдени критериуми што создава можност за субјективност при одлучувањето.

Исплатени се договорни услуги и други тековни расходи врз основа на нецелосна и неверодостојна документација.

Дел од билансните позиции не се реално и објективно прикажани поради нецелосно евидентирање на основните средства и ситниот инвентар, како и погрешно применети амортизациони стапки.

Извршени се набавки во износ од 734 илјади денари без да се спроведат соодветни постапки за јавни набавки, како и при спроведување на постапките за јавни набавки не се почитуваат целосно одредбите од законските и подзаконските акти.

Со цел подобрување на состојбата во Општина Богданци, ревизијата даде пре пораки до надлежните органи.

Со ревизијата се констатирани одредени состојби кои укажуваат на неизвесност и тоа:

Општина Богданци како основач на јавни претпријатија има обврска во нареден период во име и за сметка на истите да плати обврски во вкупен износ од 18.604 илјади денари.

Од Буџетот за 2013 година платени се обврски по извршни судски решенија кои потекнуваат од минати години и тоа во износ од 1.059 илјади денари на име главен долг и 2.343 илјади денари на име камата или вкупно 3.402 илјади денари.

Од страна на одговорните лица за периодот предмет на ревизија добиени се забелешки на констатациите на Нацрт извештајот и истите делумно се прифатени.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Богданци, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2013 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2007 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и усогласеност со законите и прописите на сметката на основниот буџет (637) на Општина Богданци, во кој е изразено неповолно мислење за финансиските извештаи и за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ристо Ичков, градоначалник на Општина Богданци од 10.04.2009 до 23.04.2013 година и
- Анастасија Олумчева, градоначалник на Општина Богданци од 24.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа:

- дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни и соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.09. до 24.10.2014 година кај општина Богданци од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходна година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2007 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.
Статусот на постапување по препораките од ревизијата е даден во следната табела:

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2007 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **процент** |
| Спроведени | 3 | 33,33 |
| Делумно спроведени | 3 | 33,33 |
| Неспроведени | 3 | 33,34 |
| **Вкупно:** | **9** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 17.11.2014 година.

Од страна на одговорните лица за периодот на ревизија добиени се забелешки на констатациите наведени во точките 4.2.2. алинеја 2 и 3 и точка 4.4.2. алинеја 2, 3 и 4 од Нацрт извештајот, при што забелешките од точките 4.2.2. алинеја 3 и 4.4.2. алинеја 2 и 4 не се прифатени, додека забелешката на точката 4.2.2. алинеја 2 и 4.4.2.. алинеја 3 се прифатени поради доставување на нови докази кои за време на ревизијата не ни беа доставени.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2013 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на набавки и плаќања во делот на прием и евиденција на документите во деловните книги како и плаќање на обврските, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно ЗЈВФК, поради нивното влијание на реалното и објективно презентирање на финансиските извештаи и усогласување на работењето со законите, ревизијата го констатира следното:

- не е донесена пишана процедура за текот на движење на документацијата и одобрување на истата од одговорните лица во соодветните сектори/одделенија;

- евидентираните документи во деловните книги не секогаш се контролирани од соодветно лице за да се потврди целосноста, комплетноста и точноста на истите;
- со донесените интерни акти за внатрешна организација и систематизација предвидено е одделение за финансиски прашања кое има раководител и седум извршители со јасно разграничени должности и одговорности, но пополнети се три работни места.
- одделението за финансиски прашања нема раководител кој ќе ја координира и контролира работата на одделението, а соработникот за буџетска кооординација со овластување на градоначалникот ја извршува и функцијата одговорен сметководител.

Напред наведеното укажува дека во Општина Богданци недоволно се преземени активности за воспоставување и функционирање на системот на внатрешни контроли во процесот на вршење на набавки и плаќања согласно законските одредби, поради што постои ризик од погрешно прикажување на податоците во деловните книги и финансиските извештаи и ризик од неправилности и недоследности во примена на законските прописи.

**Препорака**
Градоначалникот на Општина Богданци да преземе мерки и активности за воспоставување на систем на внатрешни контроли и донесување на пишани процедури и постапки кај процесот на набавки и плаќања во делот на прием и евиденција на документите во деловните книги како и плаќање на обврските.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

**4.2.1.** Општина Богданци не преземала мерки и активности за извршување на целосен попис на средствата и изворите на средствата и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2013 година.
Според искажаните состојби и извршениот увид во пописниот материјал, извештајот за извршен попис и донесените акти по истиот, ревизијата го констатира следното :
- Извршен е физички попис на дел од основните средствата, во пописните листи не е внесена вредноста на истите, не е извршено усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба, поради што неможе да се утврди дали постојат разлики помеѓу фактичката и книговодствената состојба;
- Основните средства не се означени со инвентарни броеви што го отежнува самото извршување на пописот;
- Не е извршен попис на ситниот инвентар, побарувањата и обврските, како и правниот основ за постоење на побарувањата и обврските, нивното уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирање, иако во сметководствената

евиденција се евидентирани побарувања по разни основи (од буџетот, фондот, купувачи, аванси, меѓусебни побарувања) во износ од 83.040 илјади денари и обврски по разни основи ( спрема добавувачи, краткорочни финансиски обврски, спрема државата, обврски за плати) во износ од 37.453 илјади денари ;

- Изготвениот извештај за извршениот попис е нецелосен, не содржи елементи од кои може да се констатира фактичка и сметководствена состојба на средствата и изворите на средствата и истиот не е доставен на разгледување до одговорното лице.

Од горенаведената состојба се констатира дека пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2013 година не е извршен на начин како што е предвидено во одредбите на член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 21-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Непреземањето на активности и мерки и непочитувањето на законските и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и изворите на средствата во Билансот на состојба, да се изврши усогласување на фактичката со сметководствената евиденција и за евентуално утврдените разлики да се изјасни одговорното лице.

**Препорака**
Градоначалникот на Општина Богданци да преземе мерки и активности за организирање и извршување на пописот на начин превиден согласно законските и подзаконските акти за да се обезбедат податоци за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

4.2.2. Со увид во сметководствената документација врз основа на која се внесени податоците во деловните книги е утврдено дека истите не секогаш се засновани врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи. Имено при набавка на одредени стоки или извршени услуги не секогаш фактурите за набавка на одредена стока или услуга се поткрепени со уредна поткрепувачка документација од каде може да се утврди кој ја примил стоката, каде е извршена услугата, кој тврди дека услугата е извршена или каде се употребени или вградени набавените стоки, и тоа:

- Набавени се основни средства бетонски жардињери и бетонски столпчиња во 2013 година во вкупен износ од 849 илјади денари и парковни клупи во вредност од 180 илјади денари. За набавените стоки не е извршен квантитативен и квалитативен прием од каде може да се види кој ги примил, каде се поставени и дали се примени во потребниот број и квалитет;
- По фактури од декември месец 2012 година во вредност од 300 илјади денари евидентирана е извршена услуга набавка и монтажа на новогодишни светилки и украси, за која плаќањето е извршено во 2013

година. Кон фактурата не е приложен документ од каде може да се утврди дека услугата е извршена;
- Набавени се материјали (индустриска сол за патишта) во 2013 година во вкупна вредност од 94 илјади денари. За набавената индустриска сол не е воспоставена материјална евиденција како и нема задолжено лице кое ќе ракува со залихата на истата.

Ваквиот начин на евидентирање на деловните промени не е во согласност со одредбите на член 7 и 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за последица нереално искажување на билансните позиции во финансиските извештаи и можност за ненаменско користење на средствата од буџетот на општината.

**Препорака**
Градоначалникоти на општината во соработка со надлежните одделенија да преземат мерки и активности евидентирањето на деловните промени да се спроведува врз основа на уредни и комплетни сметководствени документи.

4.2.3. За извршување градежни работи на територија на Општина Богданци склучени се договори со изведувачот на градежните работи по претходно спроведена постапка за јавни набавки и тоа:

- За изградба на тротоари со канал во населено место Селемли склучен е Договор број 09-903/15 од 27.06.2012 година со утврдена вредност на договорот од 5.875 илјади денари со вклучен ДДВ. По овој договор од страна на изведувачот на работите доставени се градежни ситуации за извршени градежни работи во 2013 година на вкупна вредност од 5.495 илјади денари;
- За градежните работи крпење на ударни дупки по улици на територија на Општина Богданци по претходно спроведена постапка за јавни набавки склучен е Договор број 09-2064/21 од 06.12.2012 година со утврдена вредност на договорот од 4.138 илјади денари со вклучен ДДВ. По овој договор од страна на изведувачот на работите доставени се градежни ситуации за извршени градежни работи во 2013 година вкупна вредност од 2.365 илјади денари.

Во договорите за извршување на градежните работи е утврдено дека вишоците извршени работи до 10% ќе се пресметуваат како редовно договорени работи, а над 10% ќе се сметаат како дополнителни работи без да се утврди количината на дополнителните работи. Во изготвените предмер пресметки кои се составен дел на договорите се утврдени позиции по количини и цени кои одговараат на барањата утврдени во тендерската документација, но изработените количини и позиции утврдени во доставените времени и завршни ситуации за извршени работи не одговараат на количините утврдени во предмер пресметката.

При изведување на градежните работи е утврдено дека изведувачот не се придржувал на договорените количини утврдени во договорот, односно за одредени позиции количините се извршени повеќе од 100% од предвидените, додека одредени позиции воопшто не се извршени или се извршени во помали количини од предвидените.
Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и придонесува извршување на количини кои не биле тендерирани и не биле предмет на постапка за јавна набавка.

**Препорака**
При изготвување на предмер пресметките кои се составен дел на барањата во тендерската документација, како и на договорите за градба да се замат во предвид реално потребните позиции за извршување на градежни работи согласно изведбените проекти, а во договорите да се прецизираат условите, количините и вредноста на дополнителните и непредвидени работи.

## 4.3 Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.1. Во текот на 2013 година направени се расходи во вкупен износ од 253 илјади денари, за надоместоци и персонален данок по основ на договори за дело склучени во 2012 година и 2013 година со три лица за вршење на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација (дистрибуција на материјали, организирање на работен протокол на градоначалникот, комуникација и односи со јавноста). Начинот на ангажирање на овие лица не е во согласност со член 22 став 3 од Законот за работни односи и член 13 од Законот за Агенциите за привремени вработувања, со кои е уредено дека потреба од работник се обезбедува со објавување на јавен оглас, односно дека пред отстапувањето на работник на работодавач корисник, агенцијата за привремени вработувања склучува договор за вработување со работникот кој се отстапува на работодавачот корисник.
Ангажирањето на лица со договор за дело во општинската администрација кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, создава можност за субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица, неостварување на правата од работен однос, односно право на ПИО и здравствено осигурување и несоодветно користење на средствата.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината вработувањата во општинската администрација да ги врши согласно со актите за организација и систематизација на општината и законски пропишаната рамка, доколку за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

4.3.2. Во текот на 2013 година исплатени се вкупно 674 илјади денари за надоместоци и персонален данок на девет доброволни **пожарникари по основ на договори за дело** склучени во 2010, 2011 и 2012 година за вршење на противпожарни активности. Ваквите исплати се извршени врз основа на одлуки на Советот на општина Богданци донесени во 2010, 2011 и 2012 година за исплата на месечен надоместок од 6.000 и 7.000 денари, на членовите на Доброволно против пожарно друштво ДППД „Богданци"- Богданци. Ваквите исплати во паушален месечен износ не се во согласност со член 26 став 3 од Законот за пожарникарството, со кој е предвидено дека доброволните пожарникари кои не се во работен однос, како и доброволните пожарникари ангажирани надвор од работното време, имаат право на надомест сразмерно на нивното време на ангажирање во гаснење на пожарот, кој не треба да биде помал од просечната плата во Републиката, а паѓа на товар на општината на чие подрачје е гасен пожарот.

Исплатата на надоместоци на пожарникари во месечен паушален износ, а не сразмерно на нивното време на ангажирање во гаснење на пожарот, придонесува за користење на средствата кое не е во согласност за законската регулатива и нереално зголемени расходи.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што сметано од 01.08.2013 година едно лице доброволно го раскинало договорот, а сметано од 01.01.2014 година, градоначалникот ги раскинал договорите за дело со останатите пожарникари **.**

4.3.3. Исплатени се средства на **спортски клубови и културно уметнички друштва** во вкупен износ од 350 илјади денари, врз основа на Програма за финансирање на спортски активности и Програма за финансирање на културни активности со утврдени цели и активности, донесени од советот на Општина Богданци. Доделувањето на средствата е извршено врз основа на барања и на годишните програми на спортските клубови и културно уметнички друштва, но без објавување на јавен повик, а за користењето на средствата не се доставени деловни и финансиски извештаи од организациите кои ги користеле средствата, што не е во согласност со член 49 од Законот за здруженија на граѓани фондации и член 8 од Законот за локална самоуправа.

Ваквиот начин на доделување средства ја намалува транспарентноста и создава можност за субјективност во одлучувањето при доделување средства.

**Препорака:**

- Градоначалникот да обезбеди транспарентност при доделувањето на средства ;
- Стручните служби на општината од субјектите корисници на средства да обезбедат деловен и финансиски извештај за реализација на добиените средства од општината.

4.3.4. Од ставката Социјални надоместоци исплатени се средства во износ од 561

илјади денари за социјална помош на физички лица. Согласно членот 22 од Законот за локална самоуправа, социјалната заштита спаѓа во надлежностите на општината, а истовремено со Законот за социјална заштита во член 11 е уредено дека општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита преку донесени сопствени програми кои се одобрени од Министерството за труд и социјална политика.
Советот на Општина Богданци донел Програма за социјална заштита за 2013 година со која се утврдени категории на лица и висината на средства за социјална заштита. Средствата се исплаќани по доставени барања од лицата без приложена дополнителна документација и по донесено решение од градоначалникот, согласно критериуми и износи утврдени со Програмата. Висината на средствата за иста категорија на лица е утврдена во распон од - до, поради што, на иста категорија на лица се исплаќани средства во различен износ .
Ваквиот начин на доделување на средства овозможува субјективност во одлучувањето за доделување на средства за социјална помош.

**Препорака**
Советот на Општина Богданци при донесување на Програма за социјална заштита, во истата да утврди конкретни износи на средства за секоја категорија на корисници на социјална заштита.

**Биланс на состојба**

4.3.5. Со увид во сметководствената евиденција е констатирано дека дел од билансните позиции не се реално и објективно прикажани како во сметководствената евиденција, така и во финансиските извештаи, а заради следното:

- Основните средства (улици, патишта, плоштади, споменици на културата), воопшто не се евидентирани ниту во книгата на основни средства, ниту во сметководствената евиденција;

- При пресметка на амортизацијата на материјалните средства погрешно се применети амортизационите стапки пропишани со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;

- При набавка на материјали и ситен инвентар истиот делумно се евидентира како основно средство иако согласно критериумите утврдени во член 21 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници претставува ситен инвентар, а дел од набавка на истиот не се евидентира во сметководствената евиденција како материјали или ситен инвентар со што нема увид за чии потреби се набавени истите, кој ги користи и потребата од нивна набавка;

Ваквиот начин на искажување на состојбите во сметководствената евиденција не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 21 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**:
Одговорните лица за водење на сметководствената евиденција да преземат мерки и активности за воведување во сметководствената евиденција на основните средства и ситен инвентар со кои располага општината и пресметка на амортизација на основните средства согласно пропишаната законска регулатива.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1. Во текот на 2013 година извршени се набавки на стоки и услуги без да се спроведат соодветни постапки за јавни набавки во вкупен износ од 734 илјади денари. За извршените набавки од буџетот на општината во 2013 година е платен износ од 593 илјади денари ( Прилог 2). Набавката на стоки и услуги без да се спроведат соодветни постапки за јавна набавка не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, при што ревизијата неможе да добие разумно уверување дека рационално и ефикасно се искористени средствата и предизвикува ризик од необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
Набавката на стоки и услуги да се врши во согласност со пишаните правила и норми во законската регулатива во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и јавност при набавките.

4.4.2. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки констатирани се состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки (Прилог 3) поради следното:

- Кај една постапка за јавна набавка од 2013 година, договорниот орган нема добиено конечна (корегирана) понуда со што постигнатата цена на електронската аукцијата не одговара со цените утврдени во Договорот. Постигнатата цена на е- аукцијата е 0.24 % изразена во проценти, додека во Договорот таа изнесува 1,49% (во самата понуда на понудувачот изнесува 1,50%), што не е во согласност со член 128, став 2 од Законот за јавни набавки. Во текот на ревизијата склучен е Анекс договор со договорниот орган при што е извршена корекција на цената и истата одговара на постигнатата цена на електронската аукција.

- Во пет одлуки за јавни набавки, од кои 3 во 2012 година и 2 во 2013 година не е утврдена количината на набавката, што не е во согласност со член 28 став 2 од Законот за јавни набавки.
- Една постапка за јавна набавка од 2012 година не е предвидена во годишниот план за јавни набавки, со што не се ни планирани средства потребни за нејзина реализација со буџетот, што не е во согласност со член 26-а од Законот за јавни набавки.

**Препорака**

При изготвување на документацијата потрбна за спроведување на постапките за јавни набавки да се имаат во предвид законските и подзаконските акти при спроведување на целокупната постапка.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2 ., 4.3. и 4.4. е:
- нецелосно извршен попис на средствата и изворите на средства;
- необезбедени веродостојни документи за сметководствено евидентирање на дел од расходите;
- исплаќање на средства на друштва и здруженија без да се почитува законската процедура;
- нереално прикажани состојби на дел од билансните позиции;
- ангажирање на лица преку договори за дело за вршење работи предвидени како работни обврски на работните места согласно актот за систематизација и
- утврдените неправилности во реализацијата на склучените договори.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.. и 4.3. од овој извештај, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Богданци на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2., 4.3 и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на општина Богданци – сметка на

основен буџет (637) на ден 31 декември 2013 година не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Прифатени и коригирани неправилности во билансот на состојба од страна на општина Богданци**

Во фазата на извршување на ревизијата, по укажување од страна на ревизорскиот тим, Општина Богданци изврши корекции во деловните книги, а заради следното :
Побарувањата за даноци, придонеси и други давачки во вкупен износ од 42.806 илјади денари треба да се искажат во сметката на основен буџет (630), а не на сметката на основен буџет (637). Во текот на ревизијата по прифаќање на сугестиите од страна на ревизијата, Општина Богданци ги прекнижи овие побарувања од сметката на основен буџет (637) кај сметката на основен буџет (630).

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Општина Богданци во својата сметководствена евиденција заклучно со 31.12.2013 година на име побарувања од односите со поврзани субјекти има искажано износ од 29.228 илјади денари. Наведените побарувања се побарувања од ЈКП Водовод-Богданци за износ од 28.364 илјади денари и ЈП Комунална чистота за износ од 864 илјади денари. Општината како основач на јавните претпријатија го преземала долгот што истите по основ на неизмирени обврски за потрошена електрична енергија од минати години го имаат спрема ЕВН Електростопанство на Македонија. Со преземање на овие обврски од страна на општината, ЕВН Македонија е согласна да ги повлече тужбените барања во тековните судски постапки. Во меѓувреме по Договор за отстапување на побарување склучен помеѓу АД ЕЛЕМ и ЕВН Електрани на Македонија, ЕЛЕМ ги презема побарувањата што ЕВН ги има од Општина Богданци, така што општината има обврски спрема ЕЛЕМ. Општина Богданци има побарување од АД ЕЛЕМ во износ од 19.680 илјади денари на име надомест за уредување на градежно земјиште. Со извршена меѓусебна компензација за што подетално е опишано во Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на буџетот на Општина Богданци за 2013 година, Општина Богданци има обврска на АД ЕЛЕМ да исплати износ од 18.604 илјади денари на 60 еднакви месечни рати. Непреземањето на навремени мерки од страна на општината спрема јавните претпријатија кои не ги измирувале своите обврски придонесува дополнително да се одлеваат парични средства од Буџетот на општината со што е нарушена ликвидноста и солвентноста на општината.
Горенаведената состојба укажува на фактот дека Општина Богданци како основач на јавните претпријатија навремено не презела потребни мерки за подобрување на солвентноста на истите, со што допоннителнио во наредниот период ќе се оптовари буџетот на општината и ќе се потрошат и средства за измирување на обврските на наведените јавни претпријатија без можност општината да ги наплати средствата од истите.

6.2. Од Буџетот на Општина Богданци за 2013 година платени се Извршни судски решенија за неизмирени обврски на општината кои потекнуваат од 2005 до 2012 година во вкупен износ од 1.059 илјади денари на име главен долг и 2.343 илјади денари на име камата или вкупно 3.402 илјадеи денари. Непреземањето на доволно мерки во изминатиот период од страна на општината за навремено измирување на обврските придонело дополнително да се одлеат парични средства на име камата за ненавремено плаќање на обврските.

Скопје 11.02.2015

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

**Сметка на основен буџет - орган (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1.1. | 1.054 | 2.367 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 30.402 | 26.633 |
| **Вкупно приходи** | | **31.456** | **29.000** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 8.359 | 6.288 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 12.383 | 12.975 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 1.678 | 1.347 |
| Социјални бенефиции | 3.2.4. | 561 | 663 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **22.981** | **21.273** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 8.133 | 7.727 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8.133** | **7.727** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **342** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **31.456** | **29.000** |

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

**Сметка на основен буџет - орган (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 42.806 | 14.423 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 6 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.3. | 30.127 | 2.739 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 37.053 | 56.093 |
| **Вкупно тековни средства** | | **109.992** | **73.255** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 36.454 | 36.454 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 62.354 | 67.083 |
| **Вкупно постојани средства** | | **98.808** | **103.537** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | | 5.808 | 0 |
| **Вкупна актива** | | **214.608** | **176.792** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 36.186 | 55.192 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 2 | 23 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 238 | 348 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4.. | 627 | 586 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5.. | 72.939 | 17.106 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **109.992** | **73.255** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **5.808** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5. | 98.808 | 103.537 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **98.808** | **103.537** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **214.608** | **176.792** |

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

**Сметка на основен буџет - орган (637)**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2013 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2013 година** | 103.537 | 103.537 |
| **Зголемување по основ на:** | 1.916 | 1.916 |
| Набавки | 1.916 | 1.916 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| **Намалување по основ на:** | 6.645 | 6.645 |
| Отпис на капитални средства | - | - |
| Ревалоризација | - | - |
| Амортизација | 6.645 | 6.645 |
| **Состојба 31.12.2013 година** | 98.808 | 98.808 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 27. 01. 2015
Орг. единица | Број | Прилог
15 | 184/1

# ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ул.„Маршал Тито“ бр.62, тел./факс +389 34 222 333

*Наш број* 03-141/1 од 22.01.2015 г. *Ваш број 29-653/5 од 25.12.2014 год.*

**До**
**Државен завод за ревизија**
**ул.„Македонија“ 12/3**
**Палата Македонија**
**Скопје**

***Предмет: Достава на забелешки по нацрт извештај***

Согласно доставениот нацрт извештај од Ваша страна горен број, а примен кај нас на 26.12.2014 година, Градоначалникот на општина Богданци во законски рок од 30 (триесет) дена од денот на прием, Ви доставува забелешка на нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на општина Богданци и тоа за сметката на основен буџет (637).

Забелешката се однесува за прилог бр.3 (преглед на утврдени неправилности при спроведување на постапки за јавни набавки) и тоа во однос на член 98 став 3 од Законот за јавни набавки во однос на фактот дека нема добиена конечна (корегирана) понуда во шест постапки за јавни набавки.

Во однос на овој факт, Ве известуваме дека горенаведената забелешка не треба да стои бидејќи член 98 став 3 од ЗЈН се однесува за дел 4 од ЗЈН и тоа за постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, а ваква постапка досега не е спроведена во општина Богданци .

Врз основа на ова Ве известуваме дека постапките под редните броеви од табелата 1,2,4,7 и 8 во кои стои оваа забелешка се постапки со барање за прибирање понуди , а постапката под реден број 9 е отворен повик , така што за овие постапки не важи овој член.

Се надеваме дека во конечниот извештај ќе биде отстранета оваа забелешка.

Со почит,

***Градоначалник на***
***Општина Богданци***
***Анастасија Олумчева***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Градоначалник
ОПШТИНА БОГДАНЦИ

28.01.2015
15 184/2
Рок на чување
20 год

ЗАБЕЛЕШКИ ВО ОДНОС НА ПРИЛОГ Бр.3

Во однос на Прилог бр.3 (преглед на утврдени неправилности при спроведување на постапки за јавни набавки) од наведените 8(осум) јавни набавки во Прилог Бр.3 , 3(три) јавни набавки се во време додека јас бев Градоначалник и тоа јавните набавки под реден број 3, 4, и 5. Забелешката се однесува за сите три јавни набавки ( под реден бр. 3, 4 и 5) и тоа во однос на член 28 став во кој се вели дека нема утврдено количина. Количината не е утврдена бидејќи во моментот не постоела можност да се предвиди , а во тој период на страната на Бирото за јавни набавки во делот најчести прашања( електронски) беше поставено такво прашање ( а ние од општината и телефонски се јавивме за да го потврдиме тоа) на кое беше одговорено од страна на Бирото дека ако не може да се предвиди количина може да се распишат постапки во кои ќе се бара единечна цена. Моментално тоа прашање на страната на бирото не може да се најде( иако се потрудивме да го најдеме ) најверојатно заради тоа што како што се поставуваат нови прашања претходните се бришат.

Во однос на јавната набавка под реден бр. 4 , Забелешката се однесува во однос на член 98 став 3 од Законот за јавни набавки во однос на фактот дека нема добиена конечна (корегирана) понуда . Во однос на овој факт, Ве известуваме дека постапките кои се спроведувани во периодот во кога јас бев Градоначалник и тоа постапката под реден број 4(четири) во Прилог Бр.3, е постапка со барање за прибирање понуди и заради тоа кај оваа постапка не треба да стои оваа забелешка, односно член 98 став 3 од ЗЈН, се однесува за дел 4 од ЗЈН и тоа за постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, а ваква постапка во периодот кога јас бев градоначалник не беше спроведена од моја страна , па така овој член не би требало да важи за оваа постапка.

Во однос на член 26-а , во однос на истата јавна набавка под реден бр. 4, во кој се вели дека не е предвидена со Годишниот план, ( ова не е забелешка од моја страна бидејќи навистина оваа јавна набавка така како што е, излегува дека не е предвидена со Годишниот план), би сакал да се земе во предвид фактот дека единственото лице ( сепак општина Богданци спаѓа во помалите општини со мал број вработени) во општинската администрација задолжено за јавните набавки и нивната усогласеност со Годишниот план точно во тој период замина на породилно отсуство и заради тоа оваа јавна набавка не е усогласена со Годишниот план и е направен овој пропуст.( ПОЈАСНУВАЊЕ: имено. ние добивме грант од Светска Банка за изведба на два кружни тока на почетокот и на завршетокот на единствениот булевар кој го имаме во Богданци, за кои беа обезбедени во последен момент сите дозволи , Но, за да ги изведеме овие два кружни тока ,а заради безбедност во сообраќајот, требаше да го поделиме булеварот на средина за што најбдобро и најбрзо решение беа овие жардињерии и тротоарски столпчиња.Сигурен сум дека се ќе беше во ред доколку единственото лице во општинската администрација задолжено за јавните набавки и нивната усогласеност со Годишниот план ,точно во тој период замина на породилно отсуство и заради тоа оваа јавна набавка не е усогласена со Годишниот план и е направен овој пропуст бидејќи едноставно немаше кој друг стручен да го направи тоа.

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОСНОВ НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на општина Богданци сметка на основен буџет (637) 01 2014 07 21/2

Стр.8 забелешката се однесува наследното:

**-На крајот од 2012 година набавени се градежни материјали во вредност од 149 илјади денари , за кои се извршени плакања во 2013 година. Кон фактурата за набавка не е приложен документ/записник од каде може да се утврди за кои потреби е набавен градежниот материјал , каде е вграден и кој тврди дека е употребен за потребите на општината.**

-во 2012 година изби пожар во општина Богданци ( поточно село Стојаково) каде беа опожарени две семејни куќи. Советот на Општина Богданци на 09.10.2012 година донесе **ОДЛУКА за обезбедување на финансиска помош за опожарените семејства** на Ристо и Живко Маџарови . Согласно одлуката на советот на општина Богданци во чл.3 е наведено дека материјалните средства ќе бидат набавени од „Драги-Ком„ ДООЕЛ Богданци, фирма со која општина Богданци има склучено договор за набавка и транспорт на материјали под бр.09-97/18 од 06.02.2012 година. Така е и направено што може да се види од документацијата (односно фактурите и испратниците за прием на материјалните средства) на кои стои името на Маџаров Ристо и тоа : фактура бр.2294/12 направена по испратница бр.6528 ,фактура бр.2381/12 направена по испратница бр.1055 , фактура бр. 2411/12 направена по испратница 7367 , фактура бр. 2072/12 направена по испратница бр230 , сите во вкупна вредност од 149.054 денари а потпишани од Маџаров Ристо, Балев Кољо ( лице од комуналното а на испомош кај семејството Маџарови) Коста Љушев (лице задолжено за работната група ) и една испратница потпишана од мене , значи сум бил на лице место. Материјалите се употребени како помош на опожарените семејства за да може во што пократок рок да ги приспособат своите домови бидејќи веќе беше зимски период.

Стр.8 ( ова не е забелешка, но нешто што би можело да се земе во предвид)

**-По фактури од декември месец 2012 година во вредност од 300.илјади денари евидентирана е извршена услуга набавка и монтажа на новогодишни светилки и украси, за кои плаќањето е извршено во 2013 година. Кон фактурата не е приложен документ од каде може да се утврди дека услугата е извршена.**

Како што спомнав ова не е забелешка но нешто што би можело да се земе во предвид а тоа е дека за време на целото украсување и монтирање на светилките , заедно со изведувачите и електричарите на терен беа постојано комуналниот редар во општина Богданци и шоферот во општина Богданци кои им укажуваа на изведувачите каде да ги поставуваат украсите и светилките за да знаат и од каде може да се прикачат на извори на електричната енергија. Најверојатно поради секојдневното наше присуство , зе се се водело евиденција на лице место од страна на претставници на општината па е пропуштено тоа и да се документира меѓутоа направени се безброј фотографии ,кои се ставени и на страната на општинскиот весник.Голем дел од тие уметнички предмети (елки,кочии со елени, срни, ангели, трубачи, светилки и др.) се користат и денеска.

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи со ревизија на регуларност за 2013 година на Општина Богданци, добиени се забелешки од одговорните лица за периодот предмет на ревизија, односно од поранешниот и актуелниот градоначалник. Забелешките се доставени во законски утврдениот рок, а се однесуваат на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор на сметката на основен буџет (637), заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-184/1 и 2 од 27 и 28 01. 2015 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешка на точка 4.2.2. алинеја 2 која се однесува на констатациите за платена фактура за новогодишно украсување без да има документација од каде може да се утврди дека услугата е извршена, **не се прифаќа** поради тоа што истата не претставува забелешка, туку градоначалникот ги објаснува причините кои довеле до пропусти во документирање на сметководствената евиденција.

2. Забелешката на точка 4.2.2. алинеја 3 која се однесува на констатацијата за набавка на градежни материјали за која набавка кон фактурата не е приложен документ/записник, **се прифаќа.** Имено со забелешките се доставени документи кои за време на ревизијата не ни беа презентирани и истите имаат влијание на промена на утврдената состојба, поради што наведената алинеја нема да е дел од Конечниот извештај.

3. Забелешката на точка 4.4.2. алинеја 2 која се однесува на констатациите дека кај пет јавни набавки не е утврдена количината на набавката **не се прифаќа,** бидејќи не се доставени нови докази кои би имале влијание на промена на констатираната состојба.

4. Забелешката на точка 4.4.2. алинеја 3 која се однесува на недоставени конечни (коригирани) понуди со кои би се потврдил резултатот од преговорите, **се прифаќа,** поради што наведената алинеја нема да е составен дел на Конечниот извештај .

---

***Ревизорски тим:*** | ***Овластен државен ревизор:***

1.________________ | ________________________

2.________________

3.________________

5. Забелешката на точка **4.4.2.** алинеја **4** која се однесува на реализирана набавка која не е предвидена во годишниот план за јавни набавки, претставува **известување** за причините кои довеле до таквата состојба.

Скопје, 11.02.2015 година

***Ревизорски тим:*** ***Овластен државен ревизор:***

1.__________________ ______________________________

2.__________________

3.__________________